**АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ**

***втор циклус едногодишни студии***

ЕКТС: 60

## СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Знаења и разбирање** | Покажува знаење и разбирање за современите достигнувања во истражувачката работа на наставата по англиски јазик.<br>Покажува знаење и разбирање за примената на современите стратегии во наставата по англиски јазик<br>Покажува знаење и разбирање на лингвистичките основи на наставата по англиски јазик<br>Покажува знаење и разбирање на литературните основи на наставата по англиска книжевност<br>Покажува знаење и разбирање за примената на современите стратегии во наставата по англиска книжевност<br>Ја знае и разбира современата методологија на истражување во наставата по англиски јазик |
| **Примена на знаењето и разбирањето** | Го применува знаењето и разбирањето за современите достигнувања во истражувачката работа на наставата по англиски јазик.<br>Го применува знаењето и разбирањето за примената на современите стратегии во наставата по англиски јазик.<br>Го применува знаењето и разбирањето на лингвистичките основи на наставата по англиски јазик.<br>Го применува знаењето и разбирањето на литературните основи на наставата по англиска книжевност.<br>Го применува знаењето и разбирањето за примената на современите стратегии во наставата по англиска книжевност.<br>Го применува знаењето и разбирањето на современата методологија на истражување во наставата по англиски јазик |
| **Способностзапроценка** | Поседува способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето од областа на наставата по англиски јазик.<br>Може да препознае проблемска ситуација во наставата и соодветно да пристапи кон нејзино решавање преку примена на систематски, критички и креативен пристап.<br>Може да проценува и селектира научни теории кои се однесуваат на наставата по англиски јазик.<br>Може да проценува и селектира научни теории кои се однесуваат на методологијата на истражување на наставата по англиски јазик.<br>Може да споредува научни истражувања на наставата по |

| | |
|---|---|
| | англиски јазик, да поставува нови анализи со цел да понуди решенија на научна основа за развој на наставата по англиски јазик.<br>Способен е за иницирање, дизајнирање, реализација и финализирање на апликативни и развојни истражувања.<br>Способен е за изведување заклучоци и генерализирање како фаза во научното истражување. |
| **Комуникацискивештини** | Способен е за размена на заклучоци и предлози кои се однесуваат на наставата по англиски јазик со лица кои стручно или научно се занимаваат со оваа проблематика.<br>Способен е за иницирање на научноистражувачка работа по претходно подготвен елаборат.<br>Способен е за употреба на соодветни комуникативни вештини за обезбедување влез во воспитно-образовни установи како дел од научноистражувачката работа. |
| **Вештининаучење** | Способен е за наоѓање и селектирање на информации поврзани со наставата по англиски јазик како дел од истражувачката практика, но и со цел за унапредување на наставата по англиски јазик.<br>Способен е за перманентно учење и усовршување со цел обезбедување личен развој и развој на научните сознанија за наставата по англиски јазик. |

ПРЕДМЕТИ

Лингвистички основи на наставата по англиски јазик
ЕКТС:6
Стекнување на знаење од областа на општата лингвистика со посебен осврт на основните лингвистички постулати кои се применуваат во наставата по англиски јазик.

Литературни основи на наставата по англиски јазик
ЕКТС:6
Кај студентите да се развие прогресија на лнгвистички, литературен и културолошки план.

Стратегии во наставата по англиски јазик и книжевност
ЕКТС:6
Основна цел на предметот е студентите да се запознаат со научните сознанија од областа на методиката за јазик, да применуваат соодветни стратегии и да ја моделираат воспитно-образовната работа за да ја подобрат реализација на наставата со практична имплементација на стекнатите знаења.

Менаџмент во образованието
ЕКТС:6
Програмата по овој предмет е во функција на образовниот процес бидејќи се стекнуваат компетенции за успешно менаџирање во образовниот процес

Академско пишување
ЕКТС:6
Студентите ќе се запознаат со правилата на академското пишување, ќе се оспособат за пишување на стручни и научни трудови што покрај другото е во функција на изработката на магистерскиот труд и можноста од нејзино публикување.

Докимологија
ЕКТС:6
Проширување и продлабочување на теориските и практични сознанија за основните докимолошки поими поврзани со оценувањето на постигањата на учениците и нивната примена во воспитно-образовната практика; Стекнување на вештини за научна елаборација и проучување на воспитно- образовниот процес од аспект на видовите, методите и моделите на оценување на воспитно- образовните ефекти во училницата преку оценување на индивидуалните постигнувања на ученикот.

Семантички категории
ЕКТС:6
Стекнување продлабочени сознанија за одредени семантички категории, особено за теориите на значењето и за видовите значења.

Методичка практика
ЕКТС:6

Информирање и сензибилирање на студентите за амбиент во кој се реализира воспитно-образовниот процес;визуелна перцепција на воспитно-образовниот процес

Методологија на педагошките истражувања
ЕКТС:6
Студентот ќе се оспособи: да разликува видови истражувања; да изработува истражувачки проект за акциони истражувања; да определува појава, проблем и предмет на истражување; да ги знае разликите меѓу различните истражувачки дизајни; да ги разликува истражувачките постапки; да знае да изработи дел од истражувачките постапки; да знае за различните начини за прибирање на податоци во истражувањето; да разликува различни начини на обработка на податоците во истражувањето; да презентира податоци од истражувањето.